**КОНТАКТ:**

Маршал Тито, 117

1440 Неготино, Република Македонија

e-mail: gocedelcevnegotino@gmail.com

тел./факс: ++389/ 043 361 534

Официјална веб страница: www.gdnegotino.weebly.com

Официјален веб портал: www.gocedelcevnegotino.wetpaint.com

**Историјат:**

Општинското основно училиште Гоце Делчев од Неготино започна со работа во 1972 г. во месец ноември и во него образование стекнуваат над 1000 ученика од градот и приградските места. На почетокот во училиштето беа вработени 52 наставника а денес во него работат вкупно 64 наставника од кои 35 во предметна а 29 во одделенска настава.

Подрачни училишта:

Неговите подрачни училишта се наоѓаат во селата Тимјаник, Тремник,

Курија и осмолетката во с. Д. Дисан кое на училиштето се приклучи во 2004 г.

Поради  зголемување на бројот на учениците, во учебната 1987/88 г. селото во с. Војшанци, кое дотогаш беше подрачно училиште на ова училиште му беше  отстапено на ООУ „Страшо Пинџур“ - Неготино.

## Услови и соработка со заедницата

Денес училиштето располага со вкупно 3.580 м2 работна површина која ја сочинуваат 17 училници, 6 кабинети, 2 занимални, 1  фискултурна сала, 5 канцеларии и 3 простории за друга намена а учениците  кои тука се школуваат се распоредени во 55 паралелки. Досега тука се  спровеле многу републички, регионални или училишни натпревари речиси по сите наставни предмети а воедно тоа учествува редовно во  севкупниот јавен живот во општината, вклучувајќи се во разни  културно-уметнички приредби, локални акции и др. Училиштето од 2007 г. е  во надлежност на ЛС на Општина Неготино.